**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: ТРД КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје
ТРД ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово
ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ Кичево
ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово
ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово
ТРД БЛЕТА ДООЕЛ Тетово

За: Управителот/одговорниот уредник

**Предмет: Потсетување на обврските за емитување платено политичко рекламирање за Изборите за Совет на Општина Тетово 2022**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Изборниот законик, ги потврдува извештаите за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на програмите на радиодифузерите за време на изборна кампања, кои се составен дел од документацијата врз основа на која Државната изборна комисија ја врши исплатата на средствата од Буџетот на државата определени за оваа намена.

Согласно Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр. 01-2544/1 од 15.06.2020 година), што Ви го праќаме во прилог на дописов, Агенцијата ќе ги потврди извештаите за реализирани услуги само врз основа на претходно направени анализи на доставените документи од ваша страна и мониторинг на снимките од емитуваното платено политичко рекламирање.

За потребите на овој мониторинг, непходно е веднаш да ја известите Агенцијата за тоа дали сте склучиле договори за емитување ППР со учесниците во изборната кампања за избор на Совет на Општина Тетово. Доколку склучите вакви договори, треба да ги доставите до Агенцијата, а потоа да ги доставите и дневните медиа планови, како и извештајот за реализирани услуги.

На електронската адреса izbori@avmu.mk, потребно е периодично да информирате дали сте започнале со емитување ППР.

Врз основа на искуството од претходните изборни процеси, Ве молиме да доставувате веќе реализирани дневни медиа планови пополнети во образецот од Државната изборна комисија. Ве потсетуваме и дека по завршување на изборната кампања, до Агенцијата треба да доставите и извештај за реализирани услуги кој треба да го содржи вкупното време на емитуваното платено политичко рекламирање за време на кампањата. Обрасците се достапни на веб страната на ДИК на следниот линк: https://www.sec.mk/izbori-17-04-2022/#tab-id-19, а Ви ги праќаме и во прилог на овој допис.

Според Изборниот законик, должни сте да го снимате излезниот сигнал на својата програма и снимките да ги чувате најмалку 30 дена по завршување на изборите, а на барање на Агенцијата да доставите снимки или други податоци поврзани со медиумското претставување за изборниот процес, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето.

Бр. 03-2976/1
Скопје 8.07.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Бидејќи Агенцијата во својот систем има снимки од телевизиските програмски сервиси кои се пријавени за емитување на ППР, снимки ќе треба да доставува единствено РА Блета и тоа доколку емитува ППР и само за реалните часови во кои ќе емитува ППР. Останатите радиодифузери ќе доставуваат снимки по потреба, за периодите за кои ќе биде побарано.

Радио снимките треба да бидат направени во форматот „MP3“, а видео снимките во формат „MPEG-4“ или „AVI“. Снимките треба да се испраќаат преку WeTransfer, исклучиво преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk.

За евентуални прашања во врска со овој процес може да го контактирате Виктор Стојанов – на телефон 078/431-949 или на е-маил: vstojanov@avmu.mk и izbori@avmu.mk.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување од директорот**

**------------------------------------------------**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP